Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-547/5
30-06-2023 20___ год.-vit
Скопје-Shkup

Друштво за производство, услуги,
и трговија КРИН КГ ДОО увоз-извоз
Бр. 03-1/35
03.07 2023 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22 и 129/23), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гранит на Друштвото за производство, услуги и трговија КРИН КГ ДОО увоз-извоз Прилеп на локалитетот „Лозјанска Река" во атарот на с.Крушеица, општина Прилеп бр.41-1025/6 од 20 јуни 2023 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.136/23) и членот 23 од Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Лозјанска Река" во атарот на с.Крушеица, општина Прилеп бр.24-3344/3 од 17.06.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, услуги и трговија КРИН КГ ДОО увоз-извоз Прилеп**
**со адреса: Населено место без уличен систем Беровци, Прилеп**
**застапувано од лицето Ѓорѓи Китаноски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден _________ 2023 година во Скопје, склучија:**

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

## АНЕКС
## НА ДОГОВОРОТ ЗА ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГРАНИТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЛОЗЈАНСКА РЕКА" ВО АТАРОТ НА С.КРУШЕИЦА, ОПШТИНА ПРИЛЕП

### Член 1

Во Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Лозјанска Река" во атарот на с.Крушеица, општина Прилеп бр.24-3344/3 од 17.06.2013 година, членот 2 се менува и гласи:

„Член 2

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 1 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Лозјанска Река" во атарот на с.Крушеица, општина Прилеп бр.24-3344/3 од 17.06.2013 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за целосен пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Лозјанска Река" во атарот на с.Крушеица, општина Прилеп бр.24-3344/3 од 17.12.2013 година остануваат во сила, непроменети.

| За Концедентот | За Концесионер |
| --- | --- |
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | Друштвото за производство услуги и трговија КРИН КГ ДОО увоз-извоз Прилеп |
| МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА, Kreshnik Bekteshi | Ѓорѓи Китаноски |

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Лозјанска Река, с.Крушеица - Прилеп

**Минерална суровина:** Гранит

**Површина = 0.974000 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7557320 | 4560320 |
| 2 | 7556920 | 4561210 |
| 3 | 7557820 | 4561630 |
| 4 | 7558220 | 4560720 |